# Помошник директор Билјана Костова

## Професор по македонски јазик и литература



Родена 3.9.1965 година во Скопје, дипломирала на Филолошки факултет, катедра Општа и компаративна книжевност, научна и наставна насока. Во образование работи од 2005 година прво како наставник по македонски јазик во три основни училишта во општина Карпош, а од 2005 година е вработена во СУГС гимназија „Никола Карев“ како професор по македонски јазик и литература, класен раководител, и раководител на настава.

Предавала и компаративна книжевност во 4 година, говорење и пишување во 2 година, била ментор во новинарската секција и рецитаторската секција, ментор на ученици со поетски талент со кои има добиено многу награди, признанија и сертификати, како што е Рациновото признание за најдобра поема со ученичката Елена Костовска.

Актуелен ментор на дебатниот клуб во гимназијата. Организатор на клубот Хумани срца кој постои од 2010 година во согласнот со активностите и програмата на Црвениот крст. Претседател на Општинската организација на Црвен крст Карпош во период 2017-2021 година. Учесник на сите обуки и семинари за државната матура, во прегледувањето и оценувањето, како и на многу обуки и семинари за современа настава. Учествувала во многу проекти поврзани со промоција на училиштето (патронати, хуманитарни акции, натревари и сл.), и заедно со неколку ентузијасти колеги и ученици, го започна процесот на организирање на учениците во Ученичка заедница.

Има положено испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.